**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-139
18.03. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 55 став 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради тоа што пласирањето на производи не е во согласност со членот 55 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година согласно Заклучокот бр.02-1306/7 од 14.03.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, во две изданија на емисијата „Избор на најдобри рецепти", по жанр забавно-документарна програма (кулинарство), и тоа: во првото издание на емисијата емитувано во периодот од 08:31:50 часот до 09:15:29 часот и во второто издание на емисијата емитувано во периодот од 10:05:14 часот до 10:41:10 часот, спротивно на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им е придадена претерана важност (истакнување или упатување) на повеќе производи на фирмите „Макс" и „Златиборац".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1), чиј составен дел е и објаснувачки прилог, односно неколку цитати од говорот на водителот на емисијата и тоа: А. Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 8 часот и 30 минути и Б. Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 10 часот и 5 минути.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 22 февруари 2019 година, изврши редовен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2-ри февруари 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој пропишува дека во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор.

Со надзорот извршен од страна на Агенцијата, констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, во две изданија на емисијата „Избор на најдобри рецепти", по жанр забавно-документарна програма (кулинарство), и тоа: во првото издание на емисијата емитувано во периодот од 08:31:50 часот до 09:15:29 часот и во второто издание на емисијата емитувано во периодот од 10:05:14 часот до 10:41:10 часот, спротивно на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им е придадена претерана важност (истакнување или упатување) на повеќе производи на фирмите „Макс" и „Златиборац".

Имено, констатирано е дека спротивно на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов „Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување", во делови од наведената аудиовизуелна целина е направена и вербална и визуелна рекламна презентација на повеќе апарати за домаќинство од фирмата „Макс", продажно застапувана од „Агротехна", како и на сувомеснати производи од фирмата „Златиборац".

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година, кој е составен ден на ова Решение како Прилог бр.1, во рамките на кој во точка 7 – „Констатации од надзорот" наведено е дека сите вербални истакнувања и упатувања, кон одредени производи (во конкретниот случај - апарати за домаќинство и сувомеснати производи), се состојат од репетитивни описи на квалитативни, на технички и на дизајнерски карактеристики на производите, проследени со практична демонстрација на нивната функционалност. Визуелно, констатирано е дека ваквите постапки на водителот на емисијата се илустрирани со режисерки пристап составен од долготраен, интенционален (рекламирачки) кадар снимен со многу крупен план (детаљ) врз производите и врз нивната трговска марка, како и со монтажни резови по кои следува било нов кадар, било нова сцена со непосреден приказ на одреден производ, а одвреме навреме ваквиот аудиовизуелен склоп констатирано е дека е сосем дефокусиран од непосредните дејство или тема, смисловно првопланирани според сценариото (на пример, дефокусирани од портретирањето на учесникот во емисијата или од описот на готвениот рецепт).

Ваквиот аудиовизуелен пристап во составувањето аудиовизуелна целина констатирано е дека е типичен за телешопинг презентација, односно (како што посочува и европската „Директива за аудиовизуелни медиумски услуги") - „ја прави нејасна границата меѓу рекламирањето и уредувачки контролираната содржина".

Во рамките на точката 7 од напред цитираниот Извештај, наведени се и неколку цитати од говорот на водителот на емисијата „Избор на најдобри рецепти", и тоа: А. Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 8 часот и 30 минути и Б. Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 10 часот и 5 минути, во објаснувачки прилог кон констатираното прекршување на наведените законски и подзаконски одредби.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 25.02.2019 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-86 од 25.02.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 05.03.2019 година, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје достави Изјаснување бр.03-179/2 од 28.02.2019 година (наш арх.бр.03-86 од 05.03.2019 година). Советот на Агенцијата на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 55 став 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година согласно Заклучокот бр.02-1306/7 од 14.03.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.